# И З Ј А В А

## ЗА ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ И
## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА, БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Својот деловен успех и понатамошниот развој ЗАВОДОТ ќе го темели на квалитетот на услугите, со зачувување на животната средина, безбедност и здравје при работа , преку исполнување на барањата поставени од меѓународните стандарди МКС EN ISO 9001:2015, МКС EN ISO 14001:2015 , МКС ISO 45001:2018, МКС EN ISO/IEC 17025:2006, МКС EN ISO/IEC 17065:2012.

Врвниот квалитет со поставеност на заштитата на животната средина, безбедност и здравје при работа е карактеристика на сите наши активности.

Основните цели на оваа политика се:

- Планирање на сите активности со цел да квалитетот и заштитата бидат основа на нашиот препознатлив стил на работа;
- Реализација на деловните услужни активности со целосна примена на оваа политика, реализација на поставените цели за квалитет и заштита, по процедурите и упатствата на системот за управување со квалитетот и заштита на животната средина, безбедност и здравје при работа ;
- Постигнување на врвен квалитет и доверливост на нашите проектни решенија, стручните наоди, експерти и резултати од лабораториските испитувања на квалитетот на производите, со примена на определени законски прописи и стандарди;
- Целосна поддршка и целосен придонес во соработката со опкружувањето и локалната управа со цел унапредување на заштитата на животната средина, безбедност и здравје при работа ;
- Обезбедување и постојано унапредување на квалитетот и ефикасноста, темелно на одговорностите кои ги имаат сите функции и секој вработен поединец за дејностите кои ги извршува, без можност за пренесување на одговорноста на друг;
- Воспоставување на добри деловни односи со корисниците е основен принцип на целата организациона структура;
- Заштита на животната средина и зачувување на ресурсите на најдобар можен начин;
- Реализација на деловни и истражувачки активности со целосна примена на оваа политика, реализација на поставените цели за квалитетот и заштитата на животната средина, безбедност и здравје при работа , според процедурите и упатствата согласно системот за управување со квалитетот и заштитата на животната средина, безбедност и здравје при работа ;
- Квалитет на услугите кои во потполност ги исполнуваат барањата на корисникот;
- Постојана обука и усовршување на сите вработени со цел постигнување на нова култура на квалитет и свест за важноста на зачувување на животната средина и заштита на здравјето и безбедноста на работното место;
- Мотивација на сите вработени за соработка, доверба и припадност кон ЗАВОДОТ, со цел активирање на своите творечки потенцијали;
- Потполно информирање на вработените и нашите корисници, кооперанти и испорачатели за нашите цели на квалитет, плановите и непосредните активности;
- Унапредување на квалитет на испорачателите и кооперантите и воспоставување на партнерски односи со нив;
- Постојано подобрување на вкупните резултати од работењето со намалување на трошоците на работата и зголемување на продуктивноста.

Низ тежнеењето својата работа да ја извршат квалитетно и навремено, сите вработени во ЗАВОДОТ ќе го дадат својот придонес во спроведувањето на оваа политика.

Скопје, Мај, 2018 год.

Директор
м-р Борис Танески, дипл.град.инж.